# ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - КАРПОШ

Јавна установа
Institucioni publik
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË KARPOSH
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/numër 08 - 74
Дата/data 25.02.2022

детски културен центар
КАРПОШ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДЕТСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, март, 2022 година

## ВОВЕД

Детски културен центар - Карпош е реномирана градска институција, со традиција повеќе од седум децении.
Детскиот културен центар - Карпош спроведува креативни, модерни и интерактивни програми, секции и работилници кои ги следат социјалните појави и трендови, во согласност со интересите на децата и младите. За време на своето постоење, Детскиот културен центар - Карпош зачувува сè што е добро и го надополнува со современи методи на работа, следејќи ги потребите и желбите на корисниците.
Насочен кон истражување и откривање на потенцијалот и талентите на децата и младите во сите области на културата, Детскиот културен центар - Карпош се стреми да комуницира директно со децата и младите преку своите активности и секции, насочувајќи ги кон стекнување потреба од уметничко искуство, знаење и забава.
Детски културен центар - Карпош користи едукација, вмрежување, децентрализација на активности како клучни инструменти, создава знаење и производи на уметничка активност, пренесува знаење од други средини во средината во која работи и е отворен за нови решенија и нови културни и уметнички области. Детски културен центар - Карпош е референтна институција во областа на меѓународната културна соработка во областа на детската уметност и култура и е организатор и реализатор на повеќе детски меѓународни манифестации за деца и млади во земјата.
Детски културен центар - Карпош ги насочува своите активности пред се кон основната целна група, децата и младите, како директни потенцијални корисници, потоа кон нивните родители и другите учесници во развојот на културните потреби, стручни соработници од областа на културата и образованието за деца и млади.

Директор
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

## *ЛИЧНА КАРТА НА ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ*

Локација




Основни информации

Адреса: бул. Илинден број 53, 1000 Скопје

## *МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ*

- Центарот се состои од два ката и сутерен  во вкупна површина на зградата од 540м2
- Дворот е со површина од околу 490 м2 и е хортикултурно уреден.

- **Вкупен број на простории во центарот: 11**

Канцеларии: 5

1. Сали за изведбени активности 2
2. Експериментална лабараторија 1
3. Просторија за музички активности 2
4. Просторија за ликовни активности 1

## МИСИЈА

Позиционирање во оптштеството на културни и воспитно - образовни активности за деца и млади, преку иновации и следење на современи трендови во културата и личниот развој кај децата и младите.

## ВИЗИЈА

Зајакнување на позицијата на врвот на пирамидалната структура во системот на институции кои се занимаваат со култура за деца и млади, што систематски ќе даде конкретен придонес кон развојот на креативноста и ќе постави стандарди во развојот на креативна, иновативна и холистичка личност кај деца и млади.

## МОТО

Квалитетното минато слободно време на децата е темел за нашата подобра иднина!..
БИДИ ДЕЛ ОД НАС!

## ПРИНЦИПИ

Во извршувањето на дејноста која е од јавен интерес, се почитуваат следниве принципи:

- ✓ сигурност во давањето на услугите,
- ✓ континуитет и квалитет на услугата,
- ✓ транспарентност, достапност и заштита на корисниците,

Повеќе од 70 години детското творештво било и во иднина ќе биде синоним на работата на ЈУ. Детски културен центар - Карпош. Досегашната девиза беше и останува да се биде постојано присутен и актуелен центар на децата и младите во градот Скопје и пошироко. Нашиот магичен прозорец кон иднината е проширена дејност и надградба на досегашната работа и различни активности со сите атрибути на младоста која има еруптивен карактер. Детскиот културен центар - Карпош ги интегрира децата од предучилишна до 17 годишна возраст во активностите на Центарот, а преку него ги интегрира во општествениот живот на градот и државата, односно овозможува дидактички прилагодена интеграција на децата во културно-општествениот живот. Индивидуалниот развој на децата е насочен кон остварување долгорочна општествена стабилност и сигурност, преку креативни, педагошки, забавни и креативни активности.

Основата на Центарот ја сочинува масовното членство на децата во него и разновидните содржини кои тој ги нуди и обезбедува со постојана подготвеност за развој, следејќи ги потребите и интересите на децата. Со ова се наложува неопходноста од создавање препознатлива и трајна физиономија на Центарот на сите нивоа од општествениот живот со тежиште тој да прерасне во функционална заедница на децата и спрега помеѓу нив и етаблираното општество. Со тоа се овозможува едноставен и брз пристап на децата до сите интересни сфери за нив, но обратно, се отвара можност за активна партиципација на сите општествени структури во Центарот.

Од своја страна Центарот ги усвојува и ги развива современите едукативно-педагошки содржини и форми преку постојан контакт со исти или слични организации во земјата и надвор од неа и преку следењето на постоечките трендови во интересните области. Вака Центарот добива димензија на долгорочен културно-општествен едукатор за децата.

Центарот ги дефинира вредностите во општеството преку размена на искуства со организации од сличен карактер, НВО и економски субјекти и дидактички ги аплицира во својата секојдневна работа.

Поконкретните задачи се од типот на проширување на активностите на Центарот во насока на Европските стандарди со осмислено вреднување и изведување.

За активностите на Центарот во смисла на негово презентирање во градот, земјата и странство ќе се исползува секој настан на општинско, градско и државно ниво каде што има можност за негова афирмација и популаризација. Со сублимирање на сите квалитетни активности од училиштата во градот, Центарот има функција на призма преку која се

врши своевиден пресек на степенот на културно-општествениот развој на децата во училиштата.

Исто така, од сериозно значење е постојаното систематско и професионално присуство на Детскиот културен центар - Карпош во сите медиуми како во вид на презентација на Центарот, така и со сопствени активности, а од уште поголемо значење за него е осмислувањето и спроведување стратегија за привлекување донатори, спонзори, волонтери и поддржувачи на Детскиот културен центар - Карпош.

Севкупните активности на Детскиот културен центар - Карпош се изразуваат преку следните секции:

| | |
|---|---|
| **ФОЛКЛОРНА** | **ИЗУЧУВАЊЕ ТАПАН, ГАЈДА...** |
| БАЛЕТСКА | ХОРСКО ПЕЕЊЕ |
| **ЛИКОВНА** | ШАХ |
| ИЗУЧУВАЊЕ НА ГИТАРА | ПИНГ - ПОНГ |

Покрај редовно одржување на секциите, Детскиот културен центар – Карпош реализира и внатрешни и надворешни манифестации:

| ***ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ*** | ***НАДВОРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ*** |
|---|---|
| **Играм и пејам за мојата мајка** | Меѓународен фестивал на класична гитара „Темоло |
| **Го градам мојот град** | ЗОО Азбука 3 |
| **Предновогодишен концерт - ЈАВЕН ЧАС – балетска секција** | Развиваме и градиме млади таленти |
| **Цртање на асфалт** | Движи се за здравје |
| **Ученичка квизотека** | Оро без граници |
| **Фото конкурс – Мојот миленик** | Инструментите на моите предци |
| **Гостување на годишен концерт на Српски вез – фолклорна секција** | Фестива за класичен балет и модерен танц |
| | Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ |
| | Разигран плоштад |
| | Креативно менторство |
| | Читачки маратон |
| | Распеани хорчиња |
| | Активности на отворено |

Во понатамошниот текст поткрепено со текст и фотографии е претставена работата на ДКЦ - КАРПОШ за 2021 година.

## I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

1.„Развиваме и градиме млади таленти“

2.„Креативно менторство“

3.„Читачки маратон“

4. Распеани хорчиња со детскиот градски хор „Гласот на децата на Скопје

5. Меѓународен фестивал на класична гитара „Темоло“

6. „Инструментите на моите предци“

7. „ЗОО Азбука 3“

8. „Фестива за класичен балет и модерен танц“

9. „Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ“

10. „Разигран плоштад“

11. „Активности на отворено“

12. „Оро без граници“- јубилеј

13.„Движи се за здравје“

## II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

1. „Играм и пејам за мојата мајка“
2. „Училишна квизотека“ 2021/2022
3. „Цртање на асфалт“
4. Гостување на фолклорната секција на ДКЦ Карпош на покана од КУД „Српски вез“ во Куманово
5. „Го градам мојот град“
6. **„**Зимска ноќ“ – Предновогодишен јавен час на балетската секција на ДКЦ „Карпош“

## III. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИИЦИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

1. Набавка на техничка опрема за реализација на програма

## IV. СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИ

## V. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

## 1. Развиваме и градиме млади таленти

По трет пат оваа година успешно се реализираше проектот „Развиваме и градиме млади таленти“, проект кој содржи низа работилници на тема , македонското народно творештво и кои се наменети за децата од градинките и основните училишта од Скопје.

Со овој проект Развиваме и градиме млади таленти, проект подржан од Град Скопје кој се одвиваше од февруари до март 2021 г., ДКЦ Карпош ги поттикна децата уште од мала возраст да го откријат својот талент и љубовта за уметноста.

Уште од најрана возраст кај денешните деца се забележува дека се исклучително напредни и покажуваат вештини со кои знаат да воодушеват и да не изненадат.

Поради Пандемијата и почитувањето на протоколите, оваа година работилниците се одржаа во ДКЦ-Карпош, а децата имаа можност да се пријавуваат преку Јавен повик. На 22 работилници, својот потенцијал, талент, вештини и љубов кон уметноста ја покажаа 82 деца кои беа уредно поделени во групи, каде се почитуваше протоколот кој важи за влез во ДКЦ Карпош.

На повикот се пријавија различни возрасти на деца, а сите имаа можност да се запознаат со македонското народно творештво и да изработуваат накит, филигран од срма (тамбура), работеа со волница и ширит со кои украсуваа шишиња и од сето тоа произлегоа прекрасни украси кои се синоним на македонското народно творештво. На овие работилници, децата имаа ексклузивна можност да се запознаат со традиционалните македонски народни инструменти: тапан, кавал,тамбура преку кратки и интересни предавања. Со овие поучни работилници целта беше постигната бидејќи кај децата се поттикна истрајноста во реализирање на замисленото и преку овие поучни и интересни работилници тие станаа свесни за талентот што го поседуваат.

На општо задоволство на сите нас интересот за ваков тип на креативни работилници беше одличен, со што можеме со сигурност да кажеме дека сме ја постигнале целта. Децата на овие работилници се насочија кон градење на својот талент и успешно ги промовираа своите таленти.

Сите учесници на работилниците од македонско народно творештво добија сертификати за учество во работилниците.














CODE CREATE






Јаглерод
Диоксид

## 2. Креативно менторство

ЈУ. Детскиот културен центар - „Карпош“ во соработка со Град Скопје од февруари до април 2021 година низ низа работилници го реализираше проектот „Креативно ментерство“, проект кој се состои од размена на знаење и искуство на релација ментор-ученик. Проектот Креативно менторство се состои од низа предавања и работилници на претходно утврдени теми (дизајн маркетинг, моден дизајн, работи од обласата на визуелните уметности, работа од областа на информатичките технологии...)

Проектот ,,Креативно менторство” е наменет за деца и млади од 12 - 15 годишна возраст и има за цел да ја сублимира креативноста и креативните потенцијали на младите, како основа за понатамошен раст и развој на ученикот.

Поради Пандемијата на Ковид 19 и протоколот за одржување на проекти од овој тип, оваа година „Креативно менторство“ се реализираше со јавен повик за сите ученици од основните и средните училишта на територија на Град Скопје. Работилниците се одвиваа на отворено и во ДКЦ Карпош, по сите пропишани правила од протоколот. Учениците-учесници на овој проект со експерти – ментори и низ серија предавања и посета на културни објекти и проекти постигнаа повисоко ниво на креативност и инвентивност, а сето тоа се преточи во завршен производ од областа на креативните индустрии. Учениците имаа можност директно да се вклучат во работилниците и предавањата и преку нивна директна ангажираност во полето на културата да ја постигнат посакуваната цел. Учениците кои се пријавија на повикот работеа на проектите со помош на ментор и успеаа да го надградат и развијат своето знаење, да научат нешто ново, да се пронајдат себе си за на крај да ја промовираат својата работа.

На работилниците по Дигитална фотографија, Древни сликарски техники иконопис и фрескопис, изработка на класичен мозаик, Skopje VLOGGING TOUR или млади туристички водичи-влогери, како и работилница за дизајнирање Пиктограм и негова употреба се пријавија и земаа учество 50 ученици кои имаа можност да ја истакнат својата креативност согласно својот афинитет, односно понудена работилница. Сите работилници на крајот финализираа со готови производи.

Со поддршка на едукаторите кои го дадоа својот максимум во изведба на овие креативни работилници мораме да истакнеме дека младите креативци беа пресреќни од трудот кој го вложија и со голем ентузијазам работеа на работилниците и на крајот со гордост ги претставија своите ремек дела.

. Самите ученици покажаа дека им треба едно вакво освежување и со голем ентузијазам доаѓаа на работилниците.


скопје

скопје





Harem
caffe
TUBORG


















HALFPIPE

CARVERSE






## 3. Читачки маратон

Читачки маратон е проект каде се креираат можности за авторите што пишуваат литература за деца и млади, како и креирање на читачки навики кај младите преку содржини што ќе поттикнат љубопитност кај нив.

За да се постигне оваа цел, беше именувана трочлена комисија, која веднаш пристапи кон утврдување на критериумите за конкурсот. Критериумите во конкурсот беа:пријавените книжевни дела(роман, новела, подолг расказ...) треба да имаат наративна форма, да имаат најмалку 50 компјутерски страници, да бидат наменети за деца од 10-15 годишна возраст, да бидат напишани на македонски јазик и да не биле досега објавувани.На ден 10.02.2021 година се објави Конкурс за оригинално прозно дело за тинејџерска возраст. Предвидено беше Конкурсот да трае до 10 Април, но комисијата реши да го продолжи рокот до крајот на месец април, со што се даде можност да пристигнат што повеќе ракописи.

Особено внимание се посвети на сите пристигнати дела кои беа забавни, достеливи, поучни и поттикнуваат креативност и критичко размислување. По завршувањето на рокот комисијата во рок 10 дена донесе одлука и го избра романот „ Ловци на лажни вести од зграда 39" од авторот Огнен Неделковски за најоригинално, најзабавно, многу поучно и досетливо.

Трочлената комисијададе предлог, романот со горенаведениот наслов да биде наградено и публикувано.

Романот „ Ловци на лажни вести од зграда 39" од авторот Огнен Неделковски откако беше испечатен, доживеа и своја промоција која се одржа на ден 18.09.2021 година на кровот на Градски трговски центар.
Промоцијата се одржа во склоп на проектот „Активности на отворено". Промотори на романот беа Александар Прокопиев и Весна Дамчевска, а публиката која беше присутна доби по еден примерок од романот со посвета од авторот.

Со овој проект почнуваме да ја поттикнуваме продукцијата на литература за деца од оваа возраст.















ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
АКТИВНОСТИ








ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
АКТИВНОСТИ





## 4.Распеани детски хорчиња - „Гласот на децата на Скопје“

Во Градски парк на ШКОЛКА, од 18.30 до 19.30 часот, на 17.05.2021 година, ЈУ. Детски културен центар – Карпош со поддршка од Град Скопје, ја организираше и реализираше промоцијата на новото ЦД со уште 10 нови, детски хорски песни, изведени од страна на детскиот градски хор „Гласот на децата на Скопје“. Детскиот хор „Гласот на децата на Скопје“ е формиран за деца и млади кои поседуваат исклучителен талент по соло и хорско пеење. Преку аудиции во текот на годината се избраа талентирани деца кои се дел од хорот, кој од година во година го зголемува своето членство.

Оваа година за настанот т.е за промоцијата на новото ЦД имаше голем интерес. Секоја промовирана песна беше пропратена со автентична кореографија. Публиката, а особено децата кои го следеа настанот уживаа во секоја изведена песна, пееја заедно со децата од хорот и успеаа да ја научат и кореографијата на песните. Глетката беше прекрасна, децата од публиката пееја и играа на секоја песна и сета изведба се претвори во голема забава. Уште едно ЦД со уште 10 нови оригинални песни е уште еден доказ дека децата ја сакаат хорската музика и овој детски градски хор е вистинско освежување на детската музичка сцена.

Поради Пандемијата на Ковид 19 на промоцијата присутната публика се придржуваше на сите мерки кои им беа нагласени на почетокот од промоцијата.




ДЕН НА РЕТКИ БОЛЕСТИ


ДЕН НА РЕТКИ БОЛЕСТИ




ДЕН НА РЕТКИ БОЛЕСТИ



## 5.Меѓународен фестивал и натпревар за класична гитара ТРЕМОЛО- Скопје

Од 17.05 до 23.05.2021 година, ЈУ Детски Културен Центар „Карпош" го организираше и реализираше 12-то издание на Меѓународниот фестивал и натпревар за класична гитара Тремоло-Скопје. Единствениот фестивал и натпревар за класична гитара во нашата држава, „Тремоло-Скопје" беше успешно реализиран и од година во година сè повеќе се развива во културен настан кој ги обединува љубителите на класичната гитара, студентите, професорите, не само од Скопје и од државата туку и од целиот свет. Во текот на овие 12 години овој фестивал прерасна во престижен културен настан на кој учетсвуваат сé поголем број светски познати уметници специјализирани за класична гитара. Со успешна реализација на Фестивалот „Тремоло-Скопје", Детскиот Културен Центар „Карпош" дава голем стимул и поддршка за развој и промоција на овој вид на уметност во земјата.

На големо задоволство на публиката, годинава се одржаа три концерти со по две ѕвезди, како и традиционалниот интернационален натпревар за класична гитара во сите 7 ученички, средношколски и студентски категории.

Трите концерти кои беа планирани за оваа година на „Тремоло-Скопје" 2021 година, се одржаа со физичко присуство и со публика каде беа почитувани сите мерки за превенција кои важеа во дадениот период и секако се беше организирано по посебен протокол.

Првиот концерт, а воедно и отворање на фестивалот се одржа во Камерната сала во Македонската филхармонија на 19.05.2021 од 19.00 часот. Пред настапот на гостите, фестивалот „Тремоло“ 2021, го отворија Директорката на ДКЦ „Карпош“ д-р Билјана Лалчевска Серафимовска и Уметничкиот директор на „Тремоло“ Дарко Багески. По отворањето публиката имаше чест и задоволство да ги слушне Давид Штрбац од Србија кој беше минатогодишен победник и лауреат на фестивалот во 2020 година, а концертот кој го оддржа, беше дел од наградата која ја освои минатата година. По неговиот настап следуваше концертот на инзворедниот, светски познат гитарист и композитор, признат во светски рамки како редок талент во жанровите фламенко и класична гитара, Адам дел Монте (Adam del Monte) од Соединетите Американски Држави. Адам дел Монте може да го видиме и на екранот во филмот „Вандерлуст“ (2012), во кои се гледаат Џенифер Анистон и Пол Рад. Покрај овој филм неговата филмска музика може да се слушне и во Најт и Деј (2010) со Том Круз и Камерон Дијаз, Приказна за играчките 3 (2010) и г-ѓа и г-ѓа Смит (2005) со Бред Пит и Анџелина Џоли. Исто така тој ја компонираше музиката за краткиот филм Соледад, кој ја освои наградата на Холивудскиот филмски фестивал во 1998 година и беше прикажан на мрежата на Шоутајм во текот на целата година. Адам дел Монте предава на факултетот за студиска гитара на Универзитетот во Јужна Калифорнија од 2000 година, каде што предава фламенко и класична гитара. Нашата публика имаше ексклузивна можност да го проследи неговиот концерт.

На вториот концерт кој се одржа во Куршумли Ан од 18.00 часот на 21.05. 2021 година, публиката уживаше во звуците на гитарата изведени од Дуо Деницијa составено од Анастасија Милеска и Александар Андријевски од Р.С.Македонија. Тие се млади гитаристи и од тоа што го изведоа и од реакцијата на публиката може да се заклучи дека им претстои голем успех во кариерата. По дуото настапи светски познатиот гитарист Герхард Рајхенбах (Gerhard Reichenbach) од Германија, кој е еден од водечките меѓународни германски концертни гитаристи и важи за еден од најсофистицираните гитаристи од неговата генерација.

Третиот концерт се одржа во Камерната сала на Македонската филхармонија на 22.05. 2021, со почеток од 19.00 часот. Публиката на овој концерт имаше можност и чест да ги слушне едни од најпознатите гитаристи на денешницата. Прв настапи Нејц Кухар / Nejc Kuhar, словеначки виртуоз на гитара и композитор од Љубљана, Р. Словенија, кој покрај неговите активности како гитарист, композитор и учител, тој исто така е активен предавач, држејќи предавања за компонирање за гитара на разни универзитети во Европа и САД, како што се Школата illулијард, Музичкиот институт Куртис, Музичката школа на Менхетн, Универзитетите во Виена и Франкфурт. Како втор гостин , свирејќи го Бах, настапи Габриел Бјанко/Gabriel Bianco од Париз, Франција кој го нарекуваат уметник на жици и е еден од најпознатите и најдобрите гитаристи на денешницата. Габриел Бјанко покрај солистички концерти се посветува и на многу други музички активности (театарски дела, создавање на нови современи дела), но сепак неговата примарна активност е како солист. Својот прв концерт го одржал во Париз кога имал 15 години, а во 2002-2003 година настапил во театарска претстава во Париз во текот на цела сезона настапувајќисо **“théâtre fragile”** . Габриел Бјанко веќе има настапувано на над 30 музички фестивали, во Франција, Германија, Чешка, Полска, Австрија, Шпанија, Италија, Унгарија, Романија, Португалија, Словачка и Тајланд. Неговата неодамнешна победа на Конкурсот за фондација на гитара во Америка во 2008 година ја донесе посакуваната турнеја од 50 концерти во САД, Мексико и Канада со дополнителни концерти во Кина, Колумбија и Бразил. На сите три концерти салите беа полни, се разбира по протокол кој важи во моментот поради Пандемијата. Покрај љубителите на класичната гитара на концертите имаше и претставници од Дипломатскиот кор. Гости на „ТРЕМОЛО“ 2021 беа Амбасадорката на УСА во нашата држава, Амбасадорот на Р.Германија, Аташето на амбасадата на Р.Германија во РС Македонија и заменик амбасадорот на кралството Шпанија.

Покрај концертите на кои присуствуваше публика, концертите можеа да се следат во живо/onlajn на ФБ страните на **Detski kulturen centar " Karposh"** и **International Guitar Festival - Tremolo**, каде сите љубители на гитарата можеа да ги слушнат и гледаат сите концерти и изведувачи, гости на Тремоло.

Во текот на одржувањето на фестивалот во пишаниот медиум Нова Македонија, гостите имаа можност да дадат интервју, а скопската и македонската публика можеше преку интервјуата да дознаат повеќе за секој од гитаристите кои беа гости на фестивалот, за нивното долгогодишно

искуство како гитаристи и композитори, за нивната кариера и нивните планови за во иднина.

Што се однесува до натпреварите, на овогодишното издание „ТРЕМОЛО“ 2021 се пријавија 40 напреварувачи-ученици по класична гитара, деца од Р.С. Македонија, Србија, Косово, Бугарија, Црна Гора, Италија, Романија, Хрватска кои беа на возраст од 7 до 18 години. Натпреварите се одвиваа комбинирано на следниов начин: испратените видеа кои подлежеа на посебни критериуми и беа наменети исклучиво за натпреварот, беа оценувани од страна на интернационално жири кое беше присутно на нашиот фестивал. На крај се сумираа бодовите и се избраа победници во сите категории. На наше големо задоволство интересот не беше поразличен од минатите години, беше огромен во сите 7 категории, од најмалата мини категорија па се до студентите во 7 –та категорија.

Членови на интернационалното жири на Меѓународниот фестивал на класична гитара „Тремоло-Скопје" оваа година беа: Герхард Рајхенбах од Германија, Стела Динкова од Бугарија, Нејц Кухар од Словенија/Австрија, Николај Михајлов од Бугарија - основач и уметнички директор на Меѓународниот фестивал за гитара во Плевен, Џевдет Сахатџија од Хрватска / Косово, Габриел Бианко/ Франција, Адам дел Монте/УСА, Бошко Радојковиќ од Србија, Ерхан Мујка/ Косово, а членови од нашата држава кои беа дел од интернационалното жири беа: Борче Наумовски и Љубомир Наќевски.

Победниците на овогодишното 12 издание на „Тремоло“ 2021 освоија награди , учество на концерти за класичната гитара, како што се учество на Transilvania Guitar Festival 2021, Pleven Guitar Festival 2022, Tremolo Guitar Festival 2022, Guitar Art Festival 2022, Zagreb Guitar Festival 2022, а главната награда ја поделија Luca Romanelli ( 1000 eur + Concert at Tremolo Guitar Festival 2022 ), BilyanaLazarova( 500eur + Transilvania Guitar Festival )

За 12 фестивал беше објавено во многу пишани медиуми и портали. За почетоците, за овогодишното издание и за афирмацијата на Фестивалот на ТВ каналот МРТВ, ТВ АЛФА, ТВ СИТЕЛ говореше Директорката на ДКЦ „Карпош“, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска.
















ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ГИТАРА
TREMOLO
2021
Skopje
Guitar Festival &
Competition










Нова Македонија | Култура | Сабота-недела, 15-16 мај 2021

„ДУО ДЕНИЦИЈА“ ГОСТИ НА ФЕСТИВАЛОТ „ТРЕМОЛО“

# Чувството да се свири дома, во Македонија, секогаш е посебно

Весна Дамчевска

Анастасија Милеска (р. 1996 година) и Александар Андријевски (р. 1995 година) веќе две години активно настапуваат како „Дуо Деница“. Анастасија Милеска завршува основно музичко училиште во класата на Александар Крстаноски, а Александар Андријевски основите на гитарата ги стекнува кај професорите Љубиша Кушевски и Дарко Багески. Средно музичко образование го завршуваат во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, во класата на проф. Дарко Багески. Дипломираат на Факултетот за музика и танц во Келн, Германија, и моментално се на постдипломски студии, во класата на проф. Герхард Рајхенбах. Имаат учествувано на многу натпревари и фестивали. ...

**Имате учествувано на многу натпревари и фестивали. Какви искуства носите оттаму?**












СРЕДА, 12 МАЈ 2021
ЧЕТВРТОК, 13 МАЈ 2021

# ЛИК

ДОДАТОК ЗА ТВОРЕШТВО, КУЛТУРА И КРЕАТИВНИ ИДЕИ

## Не можев ни да замислам како изгледа кога љубовта ќе ти стане професија










СРЕДА, 19 МАЈ 2021

# ЛИК

ДОДАТОК ЗА ТВОРЕШТВО, КУЛТУРА И КРЕАТИВНИ ИДЕИ

## Заедницата на класичната гитара е како едно големо семејство






## 6.Инструментите на моите предци

Програмата за оваа манифестација е составена од два дела. Првиот дел имаше за цел да ги поттикне децата за изучување на народни изворни инструменти (тапан, гајда, кавал, дудук....) кои се подзаборавени, имајќи го предвид фактот дека децата имаат повеќе интерес за изучување на модерни инструменти. Преку оваа манифестација од првиот дел, се поттикнуваше формирање на оркстар од народни изворни инструменти кој е во функција на фолклорната секција на ДКЦ „Карпош“.

Втората фаза од вториот дел е преку работилници децата да научат како се изработува/доработува накит. Се реализираа работилници за доработка на традиционален накит, како обетки, колани, ѓердани и сл). Сите овие работилници се реализираа од 15 февруари до 10 март. Сите учесници се придржуваа до мерките за заштита од Ковид 19.

Вториот дел продолжи со осмислување на фестивалот и натпревар за народни инструменти.

Се формира тим за работа кој пристапи кон поканување на учесници, како и избор на жири комисија за натпреварувачкиот дел, еминентни професори од областа на народната музика.

Фестивалот започна на 28.05.2021 год. со ревијален дел каде се претставија со инзворедни нумери минатогодишниот победник Ердан Сали, а потоа се претстави и оркестарот на ДКЦ „Карпош“. Потоа свои точки на ревијалната вечер изведоа Проф. д-р Горанчо Ангелов, Стеван Христовски и Новица Соколовски.

На ревијалниот дел, нашите виртуози, преку звукот на народните изворни инструменти претставија различни предели и региони од нашата држава. Преку овој фестивал и културно натпреварување на народни инструменти, преку магијата на звукот на :кавалот, тапанот, кларинетот, гајдата, хармониката, тамбурата, децата-натпреварувачи, ни покажаа дека сеуште има голема желба и љубов за изучување на народните изворни инструменти.

Со овој фестивал и натпревар, ДКЦ „Карпош“ придонесе да се продолжи традицијата од нашите предци и да се остави аманет за идните поколенија да ги изучуваат традиционалните инструменти.

Натпреварите продолжија на 29 и 30 мај со што на крај се прогласи победникот од овогодишното издание на фестивалот. Гранд при наградата на фестивалот отиде во рацете на Александар Ангелов, кој едногласно беше избран од жири комисијата.






















ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS
ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS




ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS



# 7. ЗОО Азбука -3

Пет нови оригинални песни, за пет животни кои се жители на нашата Зоолошка градина на уникатен и единствен начин, Детски културен центар „Карпош“ успешно го промовираше и реализираше овој мултимедијален проект насловен како „Зоо Азбука 3“. Проектот беше реализиран во „Зоолошка градина“ на 04.06.2021 година со почеток во 12.00 часот.

Децата посетители кои се најдоа во тој момент во Зоолошката градина, имаа можност да цртаат и бојат во новата боенка од ЗОО азбука 3, а воедно и да уживаат во новите рефрени за уште 5 нови животни. Како вовед пред секоја песничка со интересни приказни за животните, за тоа како ги чуваат, што јадат, во какви услови живеат и од кој континент се пристигнати, им раскажа познатиот ZooKeeper Bojo Иванов.

Со ова трето издание на ЗОО Азбука во изминатите три години, децата имаа можност да научат и да уживаат во 15 песнички за 15 животни, жители на Зоолошката градина во Скопје.

Сите протоколи поради Пандемијата од Ковид 19, кои важеа во моментот, беа почитувани од страна на сите присутни во Зоолошката градина.

















## 8.Фестивал за класичен балет и модерен танц“

За прв пат оваа година ЈУ Детски културен центар „Карпош“, го организираше и реализираше „Фестивалот за класичен балет и модерен танц“-2021. Љубителите на балетската уметност и модерниот танц имаа можност да го проследат првиот фестивал кој се одржа од 05-07.06.2021 во Кино Милениум.

На 05.06. од 19.30 часот Фестивалот свечено го отвори Директорката на ДКЦ „Карпош“ д- р Билјана Лалчевска Серафимовска која во својот говор кажа дека; Овој фестивал е значаен за Детскиот културен центар – Карпош, бидејќи првите научени балетски чекори се направени благодарение на Анелизе Асман, токму во Карпош, во далечната 1946 година и како прва балетска генерација се нотирани имињата на врвните солисти: Натка Пенушлиска, Емилија Џипунова, Олга Милосавлева, Елпида Паковска, Вера Бранѓолица, Смилка Силјанова и Јелица Поповска.

Директорката исто така нагласи дека „Балетот е танц со висока техничка форма и сопствени изразни средства. Поради својата техничка сложеност и естетска вредност, балетот се смета за најпрестижна форма на танц и поради тоа е прифатен ширум светот. Балетските претстави се кореографирани и вклучуваат мимика, глума и се придружени со музика. Покрај класичниот балет постојат и неокласичен и модерен балет“. Со започнувањето на овој Фестивал со членовите од балетската секција на Детски културен центар „Карпош“ и со другите учесници сега и во иднина има за цел сите млади таленти да ја сакаат, негуваат и надоградуваат својата љубов кон танцот и културата и секако овој Фестивал да се збогати со новини, а тоа значи дека фестивалот би се дополнил и со натпревари на танцови групи од целата држава.

Уметничкиот директор на фестивалот Маја Каревски, магистер по балетска педагогија на отворањето нагласи дека „Фестивалската програма ќе опфати широк спектар како класичен балет така и мноштво од современи стилови. Таа разноликост на фестивалот придонесува за афирмација на танцовата уметност кај младата популација, запознавање со иновативната содржина во негување на танцот како уметничко средство на изразност како и оценка на професионалните капацитети и ресурси за развој на танцовата уметност.

На првата фестивалска вечер, на отворањето, на 05.06 од 19.30 во Кино Милениум, им беа оддадени признанија на Натка Пенушлиска и Емилија Џипунова, кои се едни од доајените на балетската уметност. Потоа настапија танцовите студија за модерен танц Beatrix и Ultra, а балерините од Национална опера и балет со Болеро и кореографот на оваа прекрасна изведба Саша Евтимова, беа вистинско изненадување за публиката.

На втората фестивалска вечер на 06.06., публиката уживаше во изведбите на Балетско студио Балерина, Арт Балет, балетската секција при ДКЦ-Карпош, Аква студио за модерен танц и државното балетско училиште од Кавадарци Лазо Мицев - Рале.

Третата фестивалска вечер на 07.06 исто така од 19.30 првиот фестивал за класичен балет и модерен танц, беше затворен со балетски

точки изведени од  талентираните балерини при балетскиот оддел на Илија Николовски Луј.

На сите три фестивалски вечери, публиката имаше можност да погледне и да ужива во класичниот балет, во модерните танци, во прекрасните костими и кореографии изведени од деца, од најмали 3 годишни до тинејџери од 18 години.

Сите протоколи поради Пандемијата од Ковид 19, кои важеа во моментот,

беа почитувани.













ФЕСТИВАЛ ЗА
БАЛЕТ










БАЛЕТ И МОДЕРЕН




ФЕСТИВАЛ
НА
КРЕАТИВНОСТ
30
30




ФЕСТИВАЛ ЗА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ И МОДЕРЕН ТАНЦ




















ФЕСТИВАЛ ЗА КЛАСИЧЕН
И МОДЕРЕН ТАНЦ


























ФЕСТИВАЛ ЗА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ


ФЕСТИВАЛ ЗА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ И МОДЕРЕН ТАНЦ

ЗА КЛАСИЧЕН

ЗА КЛАСИЧЕН

ЗА

## 9. Фестивал на детска креативност -ТРАМБОЛИНИ

Во организација на ЈУ Детски културен центар „Карпош“ со поддршка од Град Скопје по втор пат, од 11.06 до 21.06. 2021 година се организираше и реализираше фестивалот на детската креативност „Трамболини“. Низ многуте работилници кои минаа низ овој детски фестивал се ширеше среќа, радост, задоволство и многу креативност.

По програмата, Фестивалот требаше да се отвори на 11 јуни во Градски Парк на Школка , но поради временските услови, свеченото отворање беше преместено за 16 јуни од 18.00 до 19.00 часот исто така на Школка. Отворањето беше спектакуларно. Деца кои скокаа во поставените трамболини, ликовни работилници, мали Алхемичари, жонглери, пантомимичари, настап на детскиот хор „Гласот на децата на Скопје“, настап на балетската секција на Карпош и се разбира како посебно изненадување, работилницата – насловена како Потрага по изгубеното богатсво.

Фестивалот и покрај преместувањето на свеченото отворање, програмата од Трамболини започна на 11 јуни проткаена со 3, 4 ,5 работилници дневно, за сите возрасти на деца. Фестивалот се преточи во неисцрпен извор на креативност. Преку едукативните и креативни работилници Фестивалот на детска креативност „Трамболини“ ја развиваше креативноста, креативните вештини, фантазијата и љубопитноста кај децата се до 21 јуни, кога заврши фестивалот.

Фестивалот се реализираше со деца, кои беа на возраст од 7 до 17 години. Со разновидните работилници ги поттикнавме децата да ги изразат сите квалитети од областа на театарот, ликовната и музичката уметност, личен развој, отворена дебата со стручни лица на тема за креативност, природни науки, филмски проекции, танц, изложби, натпревари. Децата на овој единствен фестивал успеаа да совладаат нови техники на креативно изразување на забавен и креативен начин. Во склоп на фестивалот освен што имавме можност работилниците од природни науки да ги реализираме на отворено, со самото отварање на новата лаборатрија за природни науки, дел од работилниците се одвиваа и токму во вистинска лабораторија.

Како наши соработници на фестивалот се јавија и Национална галерија Даут Пашин Амам и Археолошкиот музеј - Скопје кои ги отворија вратите за учесниците на манифестацијата, како и Кинотека на Република Северна Македонија.

Како институција Детски културен центар „Карпош“ успеа да им подготви креативен, забавен фестивал полн со детска фантазија.










VITALIA
Создаваме
Здрава иднина
заедно




















СТОПАН






ТРАМБОЛИНИ
2021
EUROPE
HOUSE
БЕЗ
ДОДАДЕН
ШЕКЕР




Future Together
EU
YOU












ИНСПИРИРАМЕ
ТРАМБОЛИНИ
2021
КРЕАТИВНОСТ


ИНСПИРИРАМЕ
ТРАМБОЛИНИ
2021
КРЕАТИВНОСТ










BAR
BAR




PLAY AGAIN




ТРАМБОЛИНИ
2021


E






МУЛТИМЕДИЈАЛНА
БОЕНКА И ПЕСНАРКА
ТРАМБОЛИНИ
2021





































## 10. Разигран плоштад

***РАЗИГРАН ПЛОШТАД*** е манифестација која се реализираше на плоштад „Карпошово востание“ на 31 август 2021 година (вторник), со почеток од 19.00 часот.

Летото приврршува, а децата се подготвуваат за новата учебна година, но и за продолжување или пак за почеток на нивните омилени воншколски активности. Затоа, единствената јавна институција која го организира слободното време на децата, Детски културен центар „Карпош“ е тука да им ги претстави и промовира своите активности, со програма, изведена од членовите на сите секции на центарот. Децата, младите и скопската публика можеа да уживаат во *македонските ора и песни, балетот, цртањето, пеењето на детски хорски песни, изведба на нумери од класична гитара.* Покрај претставување и промовирање на активностите во ДКЦ „Карпош“, на манифестацијата имаше и парада на домашни миленици кои се пријавија на третиот фото конкурс насловен како „МОЈОТ МИЛЕНИК“. Сета програма што ја подготви ДКЦ Карпош имаше единствена цел, да ги промовира и афирмира сите секции кои егзистираат во ДКЦ – Карпош. На крајот на манифестацијата ***„РАЗИГРАН ПЛОШТАД“*** имаше парада на домашните миленици кои добија и симболични награди.

Манифестацијата се одржа по сите протоколи за заштита од Ковид 19 кои важат во дадениот момент.






ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
„КАРПОШ"
КАРПОШ
АВГУСТ 2021
ДИПЛОМА
НА
ЛЕО
ЗА
НАЈУБАВО НОСЕ
Директор
Д-р Билјана Лалчевска Серафимовска


ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
„КАРПОШ"
КАРПОШ
АВГУСТ 2021
ДИПЛОМА
НА
МАРКО
ЗА
НАЈВЕСЕЛА ДРУЖИНА
Директор
Д-р Билјана Лалчевска Серафимовска















## 11. Активности на отворено

По прв пат минатата година ДКЦ „Карпош“ го реализираше проектот „Активности на отворено“. Проектот содржеше низа креативни работилници за деца, кои се одржаа на отворен простор во повеќе општини во Скопје. Проектот „Активности на отворено“ има за цел да ги мотивира децата со креативни работилници, со музика, фолклор,промоции на книги и други активности наменети за децата, младината и граѓаните на градот Скопје.

Проектот започна на сквер „Горан Стефановски“ - Општина Центар со промоцијата на книгата ,,Симбиоза од тинејџерски емоции" во издание на ДКЦ -Карпош и нашата вечна инспирација Ангела Младеновска. Следеа ликовни активности кои побудија интерес кај многу деца кои се приклучија на овие работилници. Во Општина Кисела Вода на плоштадите „Шопен и „Македонија“ се одржаа работилници-културни активности, на кои им се даде можност да учествуваат во креативните работилници за украсување и декорирање на торбички и изработка на сувенири кои имаат детали поврзани со македонскиот фолклор. Литературно читање по повод 100 години од раѓањето на Х.Т.Карпош од учениците од ООУ. Наум Наумовски Борче се одржа на платото на МЛЕЧЕН во Општина Карпош. Спортски и креативни активности се одржаа на Плочник - Општина Центар на кои децата од тоа „маало“ уживаа во цртање, изработка на украсни торбички и спортски активности. На Зелениот кров во ГТЦ се одржа Промоција на книгата „Ловци на лажни вести од зграда 39“ од авторот Огнен Неделковски кое беше одбрано на конкурс како најоригинално, најзабавно, многу поучно и досетливо дело. И за крај во Општина Аеродром кај Авиончето се одржа рекреативен натпревар на нашите вредни шахисти и нивниот ментор Љубиша Андоновски. Таму беше и државниот првак во шах до 14 години, Антон Златков кој одигра симултантка на 5 табли, пред присутните.Тој за децата од Детскиот културен центар Карпош прво ја покажа и проанализира една од своите партии на штотуку завршениот европски клупски куп, каде настапувајќи за својот матичен клуб Гамбит Асеко постигна одличен резултат.

Проектот „Активности на отворено“ покажа дека на децата во сите општини во градот им недостигаат вакви креативни активности, кои покрај тоа што ќе научат некои нови работи тие исто така ќе уживаат, забавуваат, и квалитетно ќе го поминат своето време.









ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
АКТИВНОС
НА
ОТВОРЕ


етски културен центар
КАРПОШ
Детски културен центар
КАРПОШ






ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
детски културен центар
КАРПОШ


ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
АКТИВНОС
НА
ОТВОР


ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
КАРПОШ






MOVE
UP

КТИВНОСТИ
НА
ОТВОРЕНО
Промоции на:
Книги
Дебати
Работилници






ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
АКТИВНОСТИ
НА













НА
ОТВОРЕНО
КАРПОШ

ОТВОРЕНО




ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
АКТИВНОСТИ




ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
АКТИВНОСТИ
НА
ОТВОРЕНО




АКТИВНОСТИ
НА
ОТВОРЕНО

## 12. Меѓународен детски фолклорен фестивл „ ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ - 2021“-јубилеј

ЈУ Детски културен центар „Карпош“, оваа 2021 година прослави три децении од постоењето на детскиот фолклорен фестивал „Оро без граници“. ДКЦ –Карпош со поддршка на Град Скопје, уште на почетокот на месец февруари, започна со објавување на програмата за одбележување на овој значаен јубилеј и подготовки за реализација на повеќе активности. Во месец март се распиша ликовен конкурс на тема „Оро без граници – симбол на пријателство меѓу децата“, каде пристигнаа многу ликовни дела, а најдобрите беа наградени. Потоа следеше фото галерија на тема „Деца во традиционални носии, минато – сегашност“ која се одржа во галерија КО – РА од 26 – 29.04.2021 која беше доста посетена од страна на пошироката јавност. Во месец мај од 25 – 28.05.2021 беше прикажана ретроспективна изложба на тема „Три децении Оро без граници“ исто така во галерија КО – РА за која имаше доста интерес од страна на публиката и која беше поставена и на централниот настан во Куршумли Ан. Во рамките на фестивалот потоа следеше –Ревија на детски носии од колекцијата на ДКЦ-Карпош, работилница- орото вечна инспирација, изложба и едукација за носии со акцент на детски носии. По повод одбележувањето на овој 30 годишен јубилеј на 16.09.2021 година се одржа Свечена академија на која се промовираше интервјуто со доајенот на македонскиот фолклор Тофе Дракулевски, на која и самиот присуствуваше. Исто така на Свечената академија се промовираше и монографијата која беше изработена за 30 годишниот јубилеј на овој за нас значаен фестивал. Се моделија многу благодарници и статуетки на личностите кои изминатите 30 години дале придонес во развојот на фестивалот Оро без граници. На 16 и 17 септември 2021 год, со две фестивалски вечери се заокружи овој 30 годишен јубилеј кој не е значаен само за градот Скопје туку и за целата држава.

Првиот фестивал „Оро без граници“ се одржал во 1991 година по иницијатива на доајенот на македонскиот фолклор Тофе Дракулевски. Оттогаш, деца играорци од повеќе од 80 држави учествувале на фестивалот, со што „Оро без граници“ се етаблира во столб на македонската култура.

„Оро без граници“од година во година се развива и стана еден од најеминентните фолклорни фестивали во целата држава. ДКЦ Карпош со фолклорната секција ќе продолжи да го негува овој фестивал на народните песни и ора, со цел за зачувување на изворниот мелос. Фестивалот ја покажува убавината и значењето на фолклорот, на орото и ги инспирира младите да ја продолжат традицијата долга 30 години. Со сите изложби, работилници, игри и ора кои беа дел од овој јубилеј како и со монографијата, ДКЦ –Карпош покажа дека најголемото оро кое претставува симбол на пријателство меѓу децата од целиот свет не познава граници и претставува најголем амбасадор во светот. За јубилејот на „Оро без граници-2021“ беше објавено во многу пишани медиуми и електронски портали. За почетоците, за овогодишното јубилејно издание и за афирмацијата на Фестивалот на ТВ каналот МРТВ, ТВ СИТЕЛ говореше Директорката на ДКЦ „Карпош“, д-р Биљана Лалчевска Серафимовска.

На сите настани кои беа дел од овој фестивал беа запазени мерките против Ковид 19 кои важеа во дадениот период.












ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ – СИМБОЛ НА ПРИЈАТЕЛСТВО МЕЃУ ДЕЦАТА


30
Диплома




ФОТО ГАЛЕРИЈА
„Детски традиционални носии - минато - сегашност“
ЈУ. Дом на култура „Кочо Рацин“ - Скопје галерија КО - РА
30 години
„Оро без граници“
меѓународен детски фолклорен фестивал
26 - 29. 04. 2021


30
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


30
години
Меѓународен детски фолклорен фестивал
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
Dance without borders














Свечена
академија
30
години
16.09.2021
МЕСТО - ДКЦ - Карпош
ПОЧЕТОК - 12.00 часот
ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ДЕТСКИ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
INTERNATIONAL CHILDREN'S FOLKLORE FESTIVAL
DANCE WITHOUT BORDERS


30
години
ЕЗ ГРАНИЦИ


30
години
Меѓународен детски фолклорен фестивал
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
Dance without borders


30
години


30
години
Меѓународен детски фолклорен фестивал
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
Dance without borders


30
години
Меѓународен детски фолклорен фестивал
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
Dance without borders


30
години
Меѓународен детски фолклорен фестивал
Оро без граници
Dance without borders
16.09.2021 - почеток 19.00 часот
17.09.2021 - почеток 17.00 часот
КУРШУМЛИ АН


















30
години








30
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
Dance without borders





















30
30

## 13. Движи се за здравје

Во склоп на Европската недела на движењето што се одржува од 16.09 до 22.09.2021 година, Детскиот културен центар - Карпош на 22.09.2021 година ја организираше и реализираше манифестацијата под мотото - „Движи се за здравје“, наменета за најмалите, децата од скопските градинки.

Манифестацијата е од забавно - рекреативен карактер и подразбира вежби за подобрување на моторичкиот развој кај децата од рана предучилишна возраст. Наши гости учесници како и секоја година беа најмалите, децата од градинките од Град Скопје.

Поради почитување на протоколите и мерките за заштита од Ковид 19, оваа година од секоја градинка од Скопје, беа поканети да учествуваат по пет дечиња од најголемата група од градинките, кои работеа вежби соодветни за нивната возраст. На манифестацијата атркација беа малите весели велосипедисти и дечињата кои управуваа тротинет.

Беа поставени 9 полигони кои нудеа можност за различни активности и вежби за правилен раст и развој на младата популација. Со оваа манифестација предизвикавме задоволство, радост и среќа кај најмладите, а истовремено вградуваме вистински вредности за здрави навики. Сите заедно порачавме дека нашето здравје ни е најважно и затоа спортуваме и во иднина ќе се грижиме за нашето здравје преку спорт.

Манифестацијата се одржа по седми пат на платото пред фонтаната Лотос во градскиот парк со почеток во 10:00 часот и на истата беа присутни претставници од Одделението за култура на Град Скопје.

На манифестацијата беа почитувани сите препораки и протоколи за заштита од Ковид 19.











Passione Pizza








ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР „КАРПОШ"
доделува
ДИПЛОМА
ГРАДИНКА
„СВЕТОТ НА КОЛОРЕС"- КАРПОШ
за учество во манифестацијата
„ДВИЖИ СЕ ЗА ЗДРАВЈЕ"
Директор


Ј.У. ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
Град Скопје
ДВИЖИ СЕ ЗА ЗДРАВЈЕ

## II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

### 1. Играм и пејам за мојата мајка

По повод 8 Март, денот на жената, во организација на Детскиот културен центар - Карпош, беше организирана традиционалната изложба на деца од предучилишните установи на тема ***„Цртам за мојата мајка“- Честитка за 8 Март***. Најмалите, децата од градинките изработија, честитки и цртежи на тема - мајка, жена. Во сите цртежи и честитки кои пристигнаа од децата, се гледаше нивната креативност и фантазија, за тоа како си ги замислуваат своите мајки, жената и која е нејзината улога во нивниот живот.

Поради пандемијата оваа година манифестацијата се организираше на поинаков начин односно ***онлајн.***

На наш повик градинките испратија веќе подготвени цртежи и честитки како и фотографии од изработката на творбите. Творбите кои беа испратени беа изложени во ДКЦ „Карпош“ и изложбата беше отворена, се разбира со протокол на посета.

Како и секоја година на оваа манифестација, како гостин, имаме жена, мајка, сопруга, која раскажува за нејзината работа и професија, односно дека секоја жена може да биде успешна во секоја професија за која ќе се определи. Оваа година гостинка беше Марија Дојчиновска-Маја, која работи како зоо неговател во Зоолошката градина .

Изложбата со детските творби која беше поставена во просториите на ДКЦ „Карпош“, беше преточена во прекрасно видео кое се прикажа онлајн на 8.03.2021 г. во 10.30 часот на ФБ страната и YouTube каналот на Центарот.

https://www.facebook.com/dkckarposh/videos/863927094173322










ГРАДИНКА
КОЈА
СЕ САКА!
ЦРВЕНКАПА


ЈУГДОГ
„КОЧО РАЦИН"
ЈОУГД „ФИДАНИ"


ЈДГ „ВЕСЕЛИ
ЦВЕТОВИ"
8 МАРТ
ГРАДИНКА
„МИНИ ФИНИ"


СВЕТОТ
НА
КОЛОРЕС


ЈОУДГ „ПРОЛЕТ“


ЈУДГ
„ДЕТСКА РАДОСТ“


Светот на Колорес
Карпош
Среќен
8ми Март


МОЈАТА МАЈКА
ЈУДГ "ОРЦЕ НИКОЛОВ"
КАРПОШ - СКОПЈЕ






ОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ“

## 2. Училишна квизотека - 2021/2022

ЈУ Детски културен центар - Карпош е организатор и реализатор на традиционалната Ученичка квизотека од општи знаења за сите основни училишта од Скопје и околината.

УЧЕНИЧКАТА КВИЗОТЕКА поради пандемијата на Ковид 19 започна со првиот циклус од септември 2021 година, откако децата почнаа да одат во училиште со физичко присуство. Низ 8 натпревари учествуваа 22 основни училишта.

Натпреварите беа од општи знаења и се одржаа 5 круга. Квизотеката е од со натпреварувачки карактер, а децата одговараа на прашања од областа на историјата, географија, хемија, физика, како и прашања од општа култура. Овој циклус поради протоколите се одвиваше без публика, но децата кои се натпреваруваа сепак можеа да уживаат и да го проверат своето знаење.















## 3. Цртање на асфалт

Манифестацијата „Цртање на асфалт“ традиционално се одржува на 24 мај по повод просветителите Св.Кирил и Методиј. На манифестацијата учестуваат деца од сите градинки и околината на Скопје. „Цртање на асфалт“ е мултиетнички проект за развивање на ликовната дарба кај најмладите во предучилишна возраст. Другарување со музика и развивање на соживот од најрана детска возраст и создавање на навика за одбележување на значајни личности од македонската историја. Цртежите кои децата ги цртаат на асфалтот се по сопствен избор бидејќи така најдобро ја изразуваат својата креативност и фантазија.

Поради Пандемијата од Ковид 19 ДКЦ - Карпош оваа 2021 год. манифестацијата се реализираше онлајн, со испратени фотографии или видеа од децата од градинките, како цртаат во дворот на градинката или надвор од неа, кои потоа беа преточени во видео запис.

И оваа година децата нацртаа убави, весели и креативни цртежи по слободен избор или пак на тема која ним им одговараше и со нивните творби како и досега ја изразија својата креативност и фантазија.

Како што наведовме погоре, цртежите беа нацртани надвор на плочник (со креди), во двор или на други места кои им се достапни на децата, односно на места кои ним им одговараат. Како и секоја година градинките кои учествуваа добија благодарници за учество.

Видеото беше прикажано на 24 мај во 12.00 часот на ФБ и Youtube страните на ДКЦ - Карпош.

https://www.facebook.com/dkckarposh

https://www.youtube.com/watch?v=OVRIvj_SO2o&t=432s



















## 4.Гостување на фолклорната секција на ДКЦ Карпош на покана од КУД „Српски вез“ во Куманово

На 25 септември фолклорното студио на ДКЦ - Карпош беа гости и настапуваа на годишниот концерт кај  КУД „Српски вез“ во Куманово. Карпошовци имаа одличен настап и како вистински професионалци ги одиграа ората:  Тропнало, Градски ора, Пајдушко оро. Фолклорците беа со овации и аплаузи испратени од присутната публика, на која и покажаа како се игра и негува македонскиот фолклор и традиција.












## 5. „Го градам мојот град“

Детскиот културен центар „Карпош“ и 2021 година традиционално, во чест на градот Скопје, ја организираше манифестацијата *„ГО ГРАДАМ МОЈОТ ГРАД“,* манифестација посветена на најмалите од предучилишните установи.

Оваа манифестација има за цел да ги истакне детските творечки способности, детската креативност, а воедно и поопширно да ги запознае децата колку големо значење има празникот 13 Ноември за градот Скопје.

Поради настанатата ситуација манифестацијата беше реализирана ***во виртуелно издание***, а видеото беше поставено и можеше да се погледне на ФБ и YOUTUBE каналите на центарот.

Бидејќи сакавме и оваа година манифестација успешно да се реализира и децата како и секогаш да ја покажат својата креативност и фантазија, градинките, користејќи материјали по нивни избор, децата од големите групи, групно изработија макета на објекти кој се белег на градот Скопје. Макетите беа изложени во ДКЦ Карпош. Изложбата потоа се сними и беше објавена на 13 ноември во 12.00 часот. Градинките по завршувањето на манифестацијата добија благодарници и скромен подарок.

https://www.youtube.com/watch?v=6u4eOk9lsfw
















2021/11/3 09:21






















## 6.„Зимска ноќ“-Предновогодишен јавен час на балетската секција на ДКЦ  - Карпош

Најубавото завршување на 2021 година исполнето со многу уметност на едно место. Членовите на балетската секција при ДКЦ - Карпош приредија вистинска радост за сите нас, за нивните родители,како и за сите што го гледаа. Балерините покажаа што научиле во текот на годината во предновогодишниот Јавен час насловен како Зимска ноќ. Вистинско уживање за родителите и за целата публика и овој пат onlajn на ФБ и YouTube страните на центарот.

Јавниот час на малите балерини беше прикажан онлај на 22 декември 2021 година, со почеток во_12.00 часот. На предновогодишниот ЈАВЕН ЧАС, насловен како „Зимска ноќ“ големо изненадување за децата беше пристигнувањето на Дедо Мраз. Сите заедно си посакаа многу здравје, а на Дедо Мраз му ги шепнаа своите желби за  Нова Година.













# III. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИИЦИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

### Набавка на техничка опрема за реализација на програма

ЈУ. Детски културен центар – Карпош, согласно потребата за „Набавка на техничка опрема за реализација на програма“ спроведе постапка за јавна набавка и како најповолен понудувач се јави фирмата ИДС – КОМ ДООЕЛ експорт – импорт - Куманово. Најнапред се пристапи со писмено известување до фирмата за итно започнување на реализацијата на набавката. По писменото барање од наша страна за доставување на комплетната техничка опрема за реализација на програма, фирмата која беше избрана и со која беше склучен договор, ја достави целокупната роба која беше предмет на јавната набавка според спецификација.











# IV.СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИ




### 1. РАЗВИВАМЕ И ГРАДИМЕ МЛАДИ ТАЛЕНТИ

2019 - 80 учесници од кои 50 девојчиња и 30 машки
2020 - 50 учесници од кои 35 девојчиња и 15 машки
2021 - 90 учесници од кои 60 девојчиња и 30 машки




### 2. КРЕАТИВНО МЕНТОРСТВО

2019 - 80 учесници од кои 50 девојчиња и 30 машки
2020 - 55 учесници од кои 40 девојчиња и 15 машки
2021 - 95 учесници од кои 60 девојчиња и 35 машки




### 3. ТРАМБОЛИНИ

2020 - 150 учесници од кои 100 девојчиња и 50 машки
2021 - 200 учесници од кои 150 девојчиња и 50 машки

### 4. ИГРАМ И ПЕЈАМ ЗА МОЈАТА МАЈКА - Честитка за 8 ми Март

2019 - Учество на 23 градинки со по 10 деца, 5 девојчиња, 5 машки - Вкупно 230 деца
2020 - Учество на 20 градинки со по 5 деца, 3 девојчиња, 2 машки - Вкупно 100 деца
2021 - Учество на 25 градинки со по 30 деца, 15 девојчиња, 15 машки - Вкупно 750 деца






## 5. ГО ГРАДАМ МОЈОТ ГРАД

2019- Учество на 23 градинки со по 10 деца, 5 девојчиња, 5 машки -Вкупно 230 деца
2020- Учество на 20 градинки со по 5 деца, 3 девојчиња, 2 машки- Вкупно 100 деца
2021- Учество на 25 градинки со по 20 деца, 10 девојчиња, 10 машки- Вкупно 500 деца







## 6. ЦРТАЊЕ НА АСФАЛТ

2019- Учество на 23 градинки со по 10 деца, 5 девојчиња, 5 машки -Вкупно 230 деца
2020- Учество на 20 градинки со по 5 деца, 3 девојчиња, 2 машки- Вкупно 100 деца
2021- Учество на 25 градинки со по 30 деца, 15 девојчиња, 15 машки- Вкупно 750 деца







## 7. ДВИЖИ СЕ ЗА ЗДРАВЈЕ

2019- Учество на 23 градинки со по 15 деца, 8 девојчиња, 7 машки -Вкупно 345 деца
2020- Учество на 20 градинки со по 5 деца, 3 девојчиња, 2 машки- Вкупно 100 деца
2021- Учество на 25 градинки со 7 деца, 4 девојчиња, 3 машки- Вкупно 175 деца






## 8. МОЈОТ МИЛЕНИК

2019 - 100 учесници - 60 девојчиња, 40 машки
2020- 50 учесници - 20 девојчиња, 30 машки
2021- 120 учесници- 70 девојчиња, 50 машки




## 9. Меѓународен фестивал и натпревар по класична гитара –ТРЕМОЛО

2019- 300 учесници, 100 девојчиња, 200 машки
2020- 150 учесници, 50 девојчиња, 100 машки
2021- 350 учесници, 150 девојчиња, 200 машки




## 10. ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ

2019 - 12 играорни групи по 30 учесници - 360 учесници, 250 девојчиња, 110 машки
2020 - 7 играорни групи по 30 учесници - 210 учесници, 180 девојчиња, 30 машки
2021 - 10 играорни групи по 30 учесници -300 учесници, 200 девојчиња, 100 машки




## 11. ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ

2019 - 150 учесници, 50 девојчиња, 100 машки
2020 - 80 учесници, 20 девојчиња, 60 машки
2021 - 170 учесници, 50 девојчиња, 120 машки




## 12. ЗОО АЗБУКА

2019 - 150 учесници, 80 девојчиња, 70 машки
2020 - 80 учесници, 50 девојчиња, 30 машки
2021- 200 учесници, 150 девојчиња, 50 машки



## 13. БАЛЕТСКА СЕКЦИЈА




2019 - Во три групи по 27 деца, 81 девојчиња
2020 - Во три групи по 10 деца, 30 девојчиња
2021 - Во три групи по 20 деца, 60 девојчиња
(секцијата се одржуваше внатре во центарот и на летна сцена)

## 14. ИГРАОРНА СЕКЦИЈА

2019- Во три групи по 30 деца, 90 деца, 70 девојчиња, 20 машки
2020- Во три групи по 15 деца, 45 деца, 35 девојчиња, 10 машки
2021- Во три групи по 35 деца, 100 деца, 80 девојчиња, 20 машки
(секцијата се одржуваше внатре во центарот и на летна сцена)







## 15. ХОР-СЕКЦИЈА

2019 - 15 членови, 14 девојчиња, 1 машко
2020 - 25 членови, 24 девојчиња, 1 машко
2021 - 30 членови, 28 девојчиња, 2 машки

## 16. ЛИКОВНА СЕКЦИЈА

2019 - Во 2 групи по 30 деца, 20 девојчиња, 10 машки
2020 - Во 2 групи по 20 деца, 15 девојчиња, 5 машки
2021 - Во 2 групи по 35 деца, 25 девојчиња, 10 машки
(секцијат се одржуваше внатре во центарот и на летна сцена)



## 17. УЧИЛИШНА КВИЗОТЕКА

2019 - Учество на 30 основни училишта по 3 учесници:90 учесници-45 девојчиња, 45 машки
2020 - Учество на 20 основни училишта по 3 ученици: 60 ученици- 30 девојчиња, 30 машки
2021- Учество на 25 основни училишта по 3 ученици: 75 ученици-45 девојчиња, 30 машки







## 18. ШАХОВСКА СЕКЦИЈА

2019- 20 членови, 5 девојчиња, 15 машки
2020- 10 членови, 3 девојчиња, 7 машки
2021- Во 2 групи, 25 деца, 5 девојчиња, 20 машки



# ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2021
## за буџетската сметка 7850109628-903-10
## при ЈУ. Детски културен центар - Карпош

Остварени приходи од Град Скопје

741111- Трансфери од други нивоа на власт .................. 6.015.462

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за десет вработени и одобрена блок дотација за 2021 година)

Вкупно расходи:

По конта:

401- Нето плати и надоместоци .............................. 3.684.637

402 - Придонеси за социјално осигурување ..............1.434.153

421 – Комунални услуги, греење и друго........................731.000

464 – Разни трансфери...............................................165.672
(покривање на дел од непредвидени трошоци за елементарна непогода – поплава)

Директор

д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

# ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2021
## за буџетската сметка 7850109628-787-15
## при ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје

Вкупно остварени приходи по групи:

723- Такси и надоместоци .................................. 488.594

(Ова конто подразбира приходи кои се остварени по пат на уплата на членарина по секции во институцијата од областата на културата, закупнина од објектот)

725 – Останати неданочни приходи ......................... 4.956

(Ова е приход од исплата на штета од ЕВН поради неисправно сандаче во нивно владение).

741 – Пренесено салдо од 2020 година .....................164.141

Вкупно трошоци по конта:

423 – Материјали и ситен инвентар .............................. 51.709 (канцелариски материјали за потребите на институцијата, прехрамбени продукти и средства за хигиена спроведени по пат на јавна набавка и материјали за разни поправки: рачки, сијалици, силикон, мрсна боја, штрафови, типли, шајки....)

424 – Поправки и тековно одржување ............................ 73.004

(сервисирење на службено возило, редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на објектот, месечно одржување на платформата за лица со посебни потреби и редовно одржување на противпожарен систем, одржување на ПП апарати)

425 – Договорни услуги ............................................. 240.731 (осигурување на недвижности подразбира осигурување на целокупниот објект, осигурување на службено возило и осигурување на вработените, правни услуги, здравствени услуги - систематски прегледи, и хонорари за ангажирани лица за одржување на секции)

426 – Други тековни расходи )......................................... 79.663

(објавување на огласи за јавни набавки, онлајн семинари, камати за плата, уплата за завршна сметка)

464 – Разни трансфери................................................ 78.446

(Уплата за ЦИП бројчиња од Универзитетска библиотека за книги, каталози во издание на ДКЦ Карпош и подмирување на глоба за сообраќаен прекршок)

Директор

д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

# ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2021
## за буџетската сметка 7850109628-603-18
## при ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје

Остварени приходи од Град Скопје по сите основи

741111- Трансфери од други нивоа на власт ................. 9.274.407

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за двајца вработени, средства за реализација на одобрена програма за 2021 година и наменски надоместок за членови на Управен и Надзорен одбор за 2021 година).

Вкупно расходи:

По групи:

401- Нето плати и надоместоци .............................. 693.996

402 - Придонеси за социјално осигурување.................268.659

425 – Договорни услуги ............................................ 560.024

(наменски надометок за членовите од Управен и Надзорен одбор за 2021 година).

правни услуги, здравствени услуги - систематски прегледи, и хонорари за ангажирани лица за одржување на секции)

426 – Други тековни расходи )......................................... 79.663
(објавување на огласи за јавни набавки, онлајн семинари, камати за плата, уплата за завршна сметка)

464 – Разни трансфери................................................ 78.446
(Уплата за ЦИП бројчиња од Универзитетска библиотека за книги, каталози во исдание на ДКЦ Карпош и подмирување на глоба за сообраќаен прекршок)

Директор
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска